РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 13.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 17 | | |

**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Thursday, August 13, 2026 11:57 AM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: MRT PRV PAT OSTANA BEZ UTRINSKA]

Почитувани,

Сакам да се информирам дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има надлежност да реагира во однос на моменталната програмска понуда на Македонската радио-телевизија, која, и покрај новите лица на раководни позиции и новиот уреднички тим, продолжува со уште послабо темпо на работа во споредба со претходниот период, кој и самиот тешко можеше да се оцени како задоволителен за што и самиот нов директор истакна во јавните обраќања преку седниците на програмскиот совет кои се јавни и за кои читаме. За првпат, колку што паметам, ова лето е прекинато и премиерното издание на утринската програма, иако во изминатите години таа продолжуваше да се емитува и во текот на летниот период. Во моментов, програмата на Првиот, третиот и петтиот канал на МРТ во огромен дел се сведува на реприזи. Која е функцијата на јавен радиодифузен сервис доколку граѓаните на неговите канали во најголем дел добиваат архивска и повеќекратно репризирана содржина? Граѓаните на Република Македонија преку државниот буџет учествуваат во финансирањето на МРТ и токму затоа имаат право да очекуваат современ, активен и продуктивен јавен сервис, а не телевизија чија програмска шема се пополнува со репризи. На програмата повторно се емитуваат репризирачки изданија на утрински емисии, филмови кои биле прикажувани многупати, документарци исто многукратно прикажамни, како и српски серии кои со години се достапни и на кабелските канали, на други национални телевизи. Со други зборови, наместо јавниот сервис да биде извор на нова и разновидна содржина, гледачите се почесто добиваат програма која веќе им била достапна на повеќе други места. Особено загрижува што ова не се однесува на еден канал или на еден дел од денот. Кој и да е од овие три канали да го вклучите, повторувањето на веќе емитувани содржини е доминантна карактеристика на програмата.

Јавниот сервис не би требало да постои само формално и да исполнува програмски часови. Неговата улога треба да биде таква да создава но и обезбедува квалитетна, разновидна и интересна содржина од јавен интерес. Тоа подразбира нови домашни но и странски емисии, нови серии и филмови, документарна програма, нови изданија на утринската програма, детска и цртана програма, музичка, културна и образовна содржина.

Не очекуваме секој час од програмата да биде премиерен и разбирливо е јавниот сервис да користи дел од својата архива. Но зашто на сите канали да одат репризи, ете еден канал нека се сведе на репризи. Јавниот сервис има уште поголема обврска од комерцијалните телевизии да обезбедува разновидна и квалитетна програма. Јавниот сервис, се финансира со јавни средства и пред се треба да одговара пред граѓаните.

Телевизијата има јавна обврска кон граѓаните да обезбеди програма која е разновидна и свежа. Фамилијарно следиме Радиотелевизија Србија и Радиотелевизија Хрватска и разликата со нашата се неспоредливи. И после се буниме зошто граѓаните се повеќе слушаат и гледаат српска програма а не наша. Затоа што МТВ не дава никаква нова програма. Како единствена агенција во Македонија заслужна за покривање на работата на телевизиите молам да го алармирате прашањето во рамки на агенцијата или собранието или кој и да е надлежен за

работата на јавниот радиодифузен сервис за да знаеме зошто парите на граѓаните не се трошат за обезбедување нова програма

Со почит,

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: MRT PRV PAT OSTANA BEZ UTRINSKA
From:
Date: Thu, 13 Aug 2026 11:56:49 +0200
To: contact@avmu.mk